SlovakAid GOOD IDEA SLOVAKIA

Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia

SFPA Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА УНИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# БИЛТЕН 5

## РАБОТНА ГРУПА 3
## ПРАВОСУДСТВО И ОСНОВНИ ПРАВА

**ПРВАТА СЕСИЈА ОД ВТОРИОТ ЦИКЛУС НА РАБОТНАТА ГРУПА 3 – ПРАВОСУДСТВО И ОСНОВНИ ПРАВА ОДРЖАНА НА 2.12.2020 г. НА ТЕМА:**

## „РЕФОРМСКИ ИДЕИ ЗА „ПРОЧИСТУВАЊЕ“ НА ПРАВОСУДСТВОТО НИЗ ПРИЗМАТА НА ПОСТОЕЧКИТЕ МЕХАНИЗМИ“




Сесијата ја отвори проф. д-р **Милева Ѓуровска** која изрази благодарност до министерот за правда, Бојан Маричиќ и го потенцираше неговиот придонес кон успешната работа на Конвенцијата и неговото претходно учество и поддршка на активностите на Конвенцијата. Му се заблагодари и на словачкиот експерт, г-дин Зиличик, како и на сите членови на работната група 3, експертите и сите присутни.

Таа нагласи дека Поглавјето 23 и 24 се дел од првиот кластер „Основи“ според новата методологија кој прв се отвора и последен се затвора и се дополнува со прашањата за поголема политичка одговорност, синхронизација во реформскиот процес, контрола на финансиските текови, статистичко следење на реформите и контрола на јавните набавки и нагласи дека од успешноста на реформите на овој кластер, ќе зависи и таа на другите кластери.

**Томаш Стражај**, Директор на Словачката асоцијација за надворешна политика (СФПА) – Братислава која е партнер на НКЕУ-МК, изрази задоволство за почетокот од вториот циклус на работа на Конвенцијата и нагласи дека улогата на двете асоцијации е да се разменат македонските и словачките искуства посебно, во конкретниов случај преку г. Зилинчик. Тој нагласи дека треба да се споделат не само достигнувањата, туку и научените лекции, особено важни за темата на сесијата и дека Словачка е членка на ЕУ од 2004 година, па сеуште се соочува со предизвици околу независноста на судството, корупцијата итн. Убиството на новинарот Куцијак во Словачка пред неколку години, како што наведе, беше тригер за откривање на врски меѓу мафијата и политичката сфера и судството. Во моментов во тек е избора на нов државен јавен обвинител, а се прави обид и за по-транспарентен судски систем за поголема доверба во системот, зошто од ЕУ членките, Словачка е скоро на самото дно во поглед довербата на граѓаните во судството.



Сесијата продолжи да ја води копретседавачот Мухамед Халили кој после поздравните и воведни зборови околу актуелните состојби во правосудството, му даде збор на министерот за правда, Бојан Маричиќ, кој истакна дека темата е многу важна и прашањата ќе станувaaт се повидливи за јавноста и затоа е потребна е размена на мислења. Тоа е целта на владата - да даде фокус на овие прашања, особено на правдата, економија и евроинтеграциите, кои се врвни приоритети. Тој нагласи дека кластерот „Основи“ ќе ја диктира динамиката и реформата во правосудството (каде што суштински реформи веќе се направени) и дека сме на чекор до ефикасен систем за проверка на работата на судиите и јавните обвинители што ќе влијае на тоа да се врати довербата во судството која е на ниско ниво и што е препознаено во програмата за работа на Владата. Нагласи и дека ДКСК треба и натаму да ја испитува имотната состојба на судиите и јавните обвинители, да се изврши детална проверка на работата на судиите и јавните обвинители согласно новите закони и паралелно да се работи на зајакнување на кадровските капацитети и финансиската независност на судството, со етапно зголемување на буџетот до достигнување на законското ниво на финасирање во период од 3 години. Министерството за правда е на став дека сите реформи ќе се спроведуваат со поддршка на ЕУ, но и со активните чинители од системот и дека таквата соработката ќе осигура повисоко ниво на имплементација на политиките, при што целата е добрите закони да бидат и успешно имплементирани и да има видлива разлика во функционирањето на правосудството.

Тој истакна и дека моделот за проверката се разработува и од страна на релевантните чинители, но и министерството разгледува повеќе идеи и треба да се дефинираат конкретните критериуми. Нагласи и дека веќе има доволно механизми и дека очекуваните резултати треба да се постигнат преку постојните тела, закони и механизми и критериумите ќе бидат доставени до Советот за реформи во правосудството на одобрување, а министерството е тука да помогне и да даде поддршка.

Проф. **Никола Тупанчески** од Правниот факултет „Јустинијан Први“ рече дека се расправа за суштинска тема која министерството за правда ја најави и тоа за во првите 100 дена влада. Темата е насловена како „реформски замисли…“, и првиот корпус на прашања во врска со неа е терминолошки, лексички, односно се поставува прашањето дали „прочистување“ е соодветен термин. Дали е можно целта да се постигне со постојните механизми е втор корпус на прашања. Следно кое треба да се има предвид е како реално изгледаат состојбите во РСМ и четврто, кои се излезните решенија. РСМ, според него, легислативно може да се пофали од аспект на хармонизација на законодавството, новиот закон за ЈО е во сила од 30.6.2020 година, претходно е донесен нов Закон за Судски Совет, направени се измени и дополнувања на Законот за судовите и донесено е ново антикорупциско законодавство.

Но, во ЗЈО е наведено дека треба да се донесат и низа подзаконски акти во рок од 60 дена од стапување во сила, а тој рок е истечен, па се поставува прашањето, според него, како би се рангирале и оценувале новите обвинители. Оттука, треба ургентно да се донесат подзаконските акти. Беа дадени забелешки и за интервјуто на новите кандидати за Академија за судии и јавни обвинители и рангирањето и изборот на судии во повисоки судови, и истакна дека ако рангирањето за избор на судии во повисок суд не е битно и пресудно, зошто тогаш постои? Што се однесува до ДКСК, тој нагласи дека има нов закон и најава дека до крајот на годината треба да се направи проверката на имотната состојба, но спорно е дали соработката меѓу институциите е добра и дали капацитетите на ДКСК се доволни од кадровски, финансиски аспект итн. Тој постави и прашање дали ДКСК иницира и кривичен прогон за противправно стекнување и прикривање имот и слични дела или останува, главно на прекршочна одговорност и зошто е тоа така.



Што се однесува со споменатите критериуми, на пример, застареноста, Тупанчески истакна дека е тоа комплексен институт каде што различни чинители влијаат врз нејзиното настапување или ненастапување, па, оттука, е битно да се утврди чија е вината за тоа. Друга важно прашање, според него е, кој период ќе се опфати за проверка на застарени предмети. Од друга страна, како што рече, имаме примери кога кај одредени обвинители застареле стотици предмети и не се реагирало навремено, односно очигледно затаиле контролните механизми и надзорот. Нагласи дека грешките мора да добијат име и презиме и одговорност за нив да постои. Затоа се изрази скептичност дека до поставената цел може да се стигне со истите луѓе и истиот начин на функционирање на институциите. За методологијата, сепак, нагласи дека ќе треба да се направат координации, така што ќе мора одредена институција на некој начин да го води тој процес.

**Павол Зилинчик**, член на Судскиот совет на Словачка и член на Канцеларијата на јавниот правобранител на Чешка, во улога на словачки екперт, најпрвин ги претстави механизмите за проверка на интегритетот во правосудството во Словачка, бидејќи од аспект на перцепцијата на граѓаните кон правосудството, Словачка е на самото дно во ЕУ по (не)доверба.

Наведе дека кривично гонети се 19 судии во последните 12 месеци. Важни елементи за постигнување интегритет, како што истакна, се процесот на селекција, пријавувањето на имотот, етичкиот систем, редовната евалуација на работата на судиите, системот на дисциплинска одговорност, напредувањето во кариерата и најтешкиот дел, проверката од безбедносен аспект (безбедносни проверки). Тој го објасни формирањето на посебен, специјален суд, чии судиите ги поминале безбедносните проверки преку Националната безбедносна канцелација. Уставниот суд законските основи за ваквата пракса го укинал во 2009 сметајќи дека големо било влијанието врз судбината на судиите од страна на извршната. Оваа одлука се дочекала како контроверзна од страна на јавноста и со нови законски измени специјалниот суд бил одново креиран како специјален кривичен суд кој постапува по најтешките облици на криминал.



Во 2014 година пред изборите во Словачка, Владата одлучила да се извршат проверки (безбедносни) на сите судии, а не само на оние на специјалниот суд. Но, овојпат Националната безбедносна канцелација направила само формални проверки, а судскиот совет одлучувал дали некој ќе биде судија или не и дали ќе продолжи да биде судија или ќе му престане функцијата. Според тие норми од 2014 година, за безбедносни ризици се сметале: несразмерно стекнатиот имот, економските врски со лица кои се дел од организиран криминал, коруптивното однесување, недозволените подароци, трошења и сл., веројатноста некој да потпадне под притисок, манифестираната зависност од дрога или алкохол, влијанието од странски разузнавачки служби и сл. Во 2019та година Уставниот суд на Словачка одлучил дека таквото решение (уставен амандман) е противуставно и дека ја нарушува поделбата на власта, па работите од 2019та година се сменети во поглед на проверките и начинот на прочистување, според експертот, оттогаш е импровизирачки. Зилинчик презентираше и компаративни примери и како еден од поусепешните примери го наведе тој на Естонија.




**Киро Здравев**, претседател на Судскиот совет на РСМ, ги спомена новите закони од областа на судството, новиот закон за Судскиот совет со кој требаше да се отстранат недостатоците наведени во т.н. извештај на Прибе и да се предвиди одговорност на членовите на ССРСМ. Тој истакна дека законот се имплементира и донесени се предвидените подзаконски акти. Во поглед на интервјуто со кадидатите за Академијата, беше предвидено 10% од поените да одат на него, а го спомена и Правилникот за избор на судии, Функционалната анализа, Стратегискиот план 2020-2022 г., Планот за стратешка комуникација, Стратегијата за развој на човечките ресурси итн. Битна работа за оценка на работата на судиите се квалитативните критериуми кои сега изнесуваат 60% (начин на водење на постапката, сериозноста во пристапот, почитувањето на рокови и бројот на укинати одлуки заради суштествени повреди) и квантитативните кои се 40% (исполнување на норма, број на преиначени одлуки спрема вкупно решени предмети и сл.).

Нагласи и дека се разрешени 8 судии во 2019-2020 година и дека утврдувањето на одговорноста на судиите континуирано се врши, дека во 2019 година имало 107 постапки, а во 2020 год. заклучно со октомври се водат постапки против 83 судии.

Ја истакна важноста од јакнењето на материјалниот и општествениот статус на судиите и дека се очекува до 2022 да се достигне законскиот процент на финансирање во судството.



Копретседавачот **Фросина Тасевска** од Министерството за правда го продолжи модерирањето и се заблагодари на организаторите и министерот за правда и сите учесници и експерти. Таа истакна дека во извептајот на Европската Комисија од 6.1.2020 година беше истакната улогата на Судскиот совет кој е браник кој треба да ги заштити и судиите и граѓаните и дека на состанокот на Поткомитетот за правда и внатрешни работи од 18 и 19.11.2020 г. се повтори препораката да се продолжи со избор и разрешување на судиите согласно новите решенија и механизмите да се засилат во функционирањето, особено од страна на ДКСК.

**Софка Пејовска – Дојчиновска**, Заменик – претседател на Државната комисија за спречување на корупција истакна дека се познати надлежностите на ДКСК, донесена е Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, каде правосудството добива посебно место и внимание од аспект на ризици.

Нагласи дека се следи имотната состојба на судиите (меѓу другите) и опфатени се 27 претседатели на основни судови, на апелационите судови и поранешните обвинители од СЈО, дека работата е завршена и резултатите се следни: во поглед на прашањето дали поднеле анкетни листови во законски рок, од 31 проверени судии, 14 не доставиле навремено (покренати се прекршочни постапки), а сите резултати ќе бидат доставени и до Судскиот Совет. Кај 2ца судии е констатирано непријавување имот (откриен во другите бази на податоци) и во тек е втората фаза, се испитува имотната состојба, се споредуваат податоците од анкетните листови и изјавите, со податоци од базите (на МВР, катастарот итн.). Нагласи дека веќе две години, овој состав на ДКСК нема доволно услови за ефикасна работа, нема софтвер за електронска достава на податоци за имотна состојба и за поврзување со други бази на податоци.

Уште еднаш се укажа на недоволните ресурси потребни за ДКСК ефективно да работи, а дека постапува и по пријави на граѓани (11 во 2020 г.), и во 5 предмети по сопствено наоѓање.

**Тодор Витларов**, Виш јавен обвинител и преседател на Здружението на јавни обвинители, истакна дека терминот прочистување не е соодветен и треба да се користи изразот „борба против корупцијата и неажурноста во постапувањето на судовите и јавните обвинителства“. Тој нагласи дека имотната состојба на судиите и јавните обвинители е важен индикатор за корупција и предлага формирање на тело (составено од претставници на ЈО, ДКСК, Управа за јавни приходи, Управа за финансиско разизнавање и др.) за испитување на истото, да се ажурираат редовно промените во имотната состојба и за непријавениот имот да се поведат соодветни постапки (кривична одговорност, дицсиплинска одговорност итн.), а јавното обвинителство да назначи неколку јавни обвинители кои оперативно ќе работат со релевантните институции за случаи на корупција на судија или јавен обвинител, затоа што, како што нагласи тој, не може да се води борба против корупција со корумпирани јавни обвинители. Вториот дел од проблематиката е ажурноста. Судскиот совет треба да ги провери причините за застарување кои се должат на судиите (но и на адвокати, јавни обвинители), натаму, да се контролира работата на јавните обвинители и како и кога постапувале по доставени кривични пријави.

Настапувањето застареност во „фиоките“ на јавен обвинител е основа за разрешување. Тој ги извести учесниците на настанот и дека се подготвува новиот правилник за оценување на работата на јавните обвинители и за дисциплинска одговорност, а се формираат и групи за правилник за внатрешно работење. Како ургетна ја истакна потребата да се пополнат и празните места во многу обвинителства.



**Натали Петровска,** адвокат, Извршен директор на Коалиција "Сите за правично судење" истакна дека целата процедура на оценување е да се унапреди квалитетот на судската правда, дека Стратегијата 2017-2022 година предвиде ревизија на системот на критериуми за оцена на работата и тие натаму беа допрецизирани, но некои од нив не се усогласени со постапка за избор на судии и поведување дисциплински постапки. Законот предвидува солидна рамка и се дава приоритет на квалитативните критериуми, но досегашната проверка не дава задоволителни резултати, па така во периодот 2008-2020 година, донесени се 26 одлуки за разрешување,

8 се во последните 2 години, се констатира дека не е констатирана дисциплинска санкција во извештаите на Судскиот совет, само 2 постапки од постар датум со намалување на плата. Оттука, таа се запраша како е дојдено до вакви состојби а бројките на утврдена одговорност се минорни? Дали е потребен посистемски пристап кон оцената на работата на судиите? Во врска со најавената ревизија на 5% од случаите истакна дека е нејасно дали тоа би бил основ за разрешување или за утврдување и на кривична одговорност?

Потребно е се испита и провери јавно-обвинителската служба (зошто има истраги кои траат и по неколку години. Таа истакна дека кривичниот суд во Скопје до април 2020 година има 1447 стари нерешени предмети и постапки кои траат повеќе од 10 години, 41 застарен предмет и 175 застарени предмети по санкции. Тенденцијата одговорните за ваквите состојби да се разрешуваат, а не кривично да се гонат не е начин да се сузбива корупцијата.

Нагласи дека е потребно да се утврди временската рамка на проверка, опсегот на лица, точното времетраење, правила на постапката, улогата на различните институции, да има повеќе различни критериуми, а не само еден итн. и да се воспотави мониторинг систем врз процесот што ќе се спроведува.

Судија **Оља Ристова** во своето излагање истакна дека треба да се земат предвид сите аспекти и фактори за застареност, зошто судиите често наследуваат туѓи предмети. Во поглед на квантитативните и квалитативни проверки, би било добро да се снимаат главните расправи за оценувачите да имаат целосна слика за целиот процес.

Во поглед на изборот на предмети за контрола (5%), судиите заради немање кадар, не водат сметка за квалитетот на пресудите кога обвинетиот е недостапен, затоа што секако постапката ќе се повтори кога тој ќе стане достапен, па оттука е потребно и ова да се има предвид.



Во последниот дел од дискусијата, проф. **Александра Деаноска -Трендафилова** ја водеше дискусијата во која збор зедоа Маргарита Цаца Николовска, судијата Лазар Нанев, дел од претходните дискутанти, а се дискутираше и по нацрт – препораките. На крајот беше истакнато дека сите учесници и претставници од релевантните чинители, може да дадат и дополнителни предлози за формулирање на конечниот текст на препораките кои ќе бидат доставени до соодветните институции.

Општите предлог-препораки кои произлегоа од подготвителната работа и за кои беше дискутирано на сесијата се следните:

**1.**Клучно прашање кое се поставува во врска со реформските замисли за „прочистување“ на правосудството е како, односно со кои методи треба да се постигне таа цел. Оттука, се препорачува изработка на план со јасни цели и прецизна методологија која ќе се примени за процесот на „прочистување“ на правосудството.

**2.** Се препорачува споменатиот процес да се спроведе/спроведува преку постојните механизми, односно преку засилување на капацитетите, но и активноста на постојните тела и органи (ДКСК, Судскиот совет, Советот на ЈО и сл.). Востановување нови тела и институции сметаме дека би било контрапродуктивно.

**3.**Да се испитаат причините заради кои постојните мехнизми за оценката на работата на судиите и јавните обвинители „затаиле“ или биле користени во помал обем, особено да се испита прашањето за недоволна екипираност на релевантните тела со кадар, опрема и сл.

**4.**Да се заврши процесот на востановување соодветна легислативна рамка, поточно, покрај веќе донесените нови закони или измени на постојните закони во сферата на правосудството, да се донесат и неопходните подзаконски акти за соодветно оценување на работата на судиите и обвинителите (така на пример, сè уште не е донесен нов правилник за оценување на работатата на јавните обвинители врз основа на новиот Закон за јавното обвинителство итн.).